ОКТА

ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

ОКТА АД - Скопје
1 стр. 25 Миладиновци, П.О. Бокс 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

До:
Министерство за животна средина и просторно планирање
Плоштад Пресвета Богородица бр. 3
1000 Скопје

Бр. 14-724/25
01.04.2025

Скопје, 01.04.2025

Предмет: Доставување на предлози за измена и дополнување на Нацрт-законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина

Почитувани,

Во текот на 2024 година, на состаноците на Заедничката комисија составена од претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање (во понатамошниот текст: Министерството) и ОКТА Рафинерија на нафта АД – Скопје (во понатамошниот текст: ОКТА), беше дискутирано во насока на изнаоѓање решение за постојните проблеми поврзани со враќањето на надоместокот за производство и увоз на нафтени деривати. Во рамки на тие дискусии, добивме информација дека Министерството е во постапка на изготвување на Предлог-закон за измена и дополнување на Законот за животна средина (во понатамошниот текст: Законот).

Имајќи го предвид неодамна објавениот Нацрт-закон за изменување и дополнување на Законот за животна средина преку Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) на 10.03.2025, ја користиме оваа можност одново да ги доставиме нашите коментари и предлози во рамки на објавениот нацрт-закон. Нашите предлози имаат за цел да предложат измени и дополнувања на основниот Закон, особено во делот кој го регулира третманот на надоместокот за производство и увоз на нафтени деривати.

Предлозите за измена и дополнување се детално прикажани во Нацрт-законот објавен на ЕНЕР, со вклучени "track changes", кои ги доставуваме во прилог на овој допис. Истите ја одразуваат нашата иницијатива за усогласување на Нацрт-законот со потребата надоместокот за производство и увоз на нафтени деривати да добие третман сличен на акцизите, согласно Законот за акцизите.

Конкретно, во нашите предлози, направени се интервенции во одредбите на Законот кои ја регулираат постапката за плаќање на надоместокот, на начин што:

- Увозниците на нафтени деривати кои воедно се сопственици на акцизни складишта би добиле можност надоместокот да го плаќаат во моментот на напуштање на стоката од акцизното складиште, доколку истата е наменета за домашниот пазар, наместо при нивниот увоз и
- Доколку стоката која го напушта акцизниот склад е наменета за извоз, надоместокот не би се плаќал за тие количини.

Со ваква измена на постојната легислатива, ќе се избегне потребата од поднесување барања за поврат на веќе платениот надоместок за извозените количини, што ќе резултира со заштеда на човечки и финансиски ресурси кај двете надлежни институции – Министерството за животна средина и Министерството за финансии.

Врз основа на ова, бараме од Министерството да ги земе предвид нашите предлози и во рамки на веќе започнатата постапка за измена и дополнување на Законот да вклучи соодветни законски решенија кои ја одразуваат оваа иницијатива, во заеднички интерес на сите засегнати страни.

Од друга страна, доколку предложените измени не бидат прифатени, бараме во рамки на оваа постапка да се направат интервенции во одредбите на Законот кои го регулираат правото на увозниците на нафтени деривати да бараат враќање на надоместокот платен при увозот за количините кои подоцна биле предмет на извоз. Ова право е веќе дефинирано во постојниот закон и треба прецизно да се утврди за да се избегнат можни разлики во неговото толкување.

На располагање сме за сите дополнителни информации и објаснувања што би можеле да бидат од значење за Министерството во насока на прифаќање на предложените измени и дополнувања.

Со почит,

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво

Димитриос Пасхос
Главен извршен директор